# CRYSTAL CAR- ЗИМСКИ И CRYSTAL CAR- ЛЕТЕН

## *Раствор од деминерализирана вода и алкохол (етанол)*

***Технички податоци за производот***

**Означување:** **CRYSTAL CAR- зимски и CRYSTAL CAR- летен**

**Примена:** детергентна течност со пријатен мирис која се користи за миење на ветробрански стакла и фарови кај возилата, а може да се употребува и за чистење на други стаклени површини. Во системот на возилото за миење на ветробранското стакло се користи во зимскиот период (до -20 ОС) неразблажен (Crystal Car-зимски), во есен и пролет разблажен со деминерализирана вода 1:1, а во летниот период се користи летната варијанта од Crystal Car.

| **Својство** | **Единица** | | **Crystal Car®** |
|---|---|---|---|
| Густина на 20 °C | kg/m³ | min. | 940 (993)* |
| | | max. | 955 (994)* |
| Содржина на етанол – етил алкохол (96%) | %m/m | min. | 45 (3)* |
| | | max. | 50 (5)* |
| Детергент – површинско активна компонента | %m/m | max. | 0,2 |
| Боја | | | жолта |
| Мирис | | | лимон |
| Температура на мрзнење | °C | max. | -20 (-2)* |

* Crystal Car - летен

## ЗДРАВЈЕ И СИГУРНОСТ

Овој производ е на база на етанол – етил алкохол и треба да се спречи да дојде во контакт со кожата и очите и да се чува подалеку од дофатот на децата. Во концентрирана форма претставува запалива течност и поради тоа чувајте го подалеку од топлина и извори на палење, добро затворено, на суво и добро проветрено место Опасно е да се проголта и во тој случај потребно е веднаш да се побара медицинска помош со приложување на етикетата или опаковката од продуктот. Целосниот техничко-безбедносен лист (Material Safety Data Sheet) може да стане достапен после поднесеното барање на следниов e-mail: primena@makpetrol.com.mk.

## ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Остатоци од Crystal Car да не се истура во атмосферска или канализациона мрежа, земја (почва) и вода. Опаковката да се отстрани во согласност со националната, регионалната и со локалната регулатива за контрола на животната средина.